


3-6 МАЈ · МКЦ

ПРВО ПА ЖЕНСКО 6

часа работа
часа култура
часа активизам
часа одмор

фестивал за феминистичка култура и акција



ПРВО ПА ЖЕНСКО фестивал за феминистичка култура и акција 3-6 мај

Драги пријатели на ПРВО ПА ЖЕНСКО,

„6 часа работа, 6 часа култура, 6 часа активизам, 6 часа одмор" е застапувачки предзнак на шестото издание на фестивалот за феминистичка култура и акција ПРВО ПА ЖЕНСКО. Унапредувањето на работничките права на жените, вреднувањето на неплатениот домашен труд на нашите сограѓанки, изнаоѓањето начини за свесно давање отпор на современите и некогашни облици на експлоатација и девалвирањето на трудот и достоинството, се прашања кои го оформуваат тематскиот фокус на овогодинешниот фестивал. Се застапуваме за нова 6-часовна поделба на денот потсетувајќи се токму на макотрпно добиениот 8-часовен ден за работниците во 19 век. Во тој период борбата за слободно време за култура и рекреација е главното политичко прашање на работничкото движење. Денес, како отпор на неолибералната експлоатирачка практика, главната политичка заложба е изнаоѓањето пат до соодветни услови за работа, заштита и грижа за работниците, особено во индустријата. Едната четвртина од денот му припаѓа на активизмот затоа што сметаме дека секојдневните проактивни иницијативи за синдикално зајакнување се клучен чекор во градењето на отпорот. Егзистенцијата за мнозинството граѓани во Македонија подразбира кршење на секаков стандард за достоинствен живот, неадекватно образование, јавни здравствени услуги какви што никој не заслужува, корупција како највообичаено секојдневие и, меѓу другото, сеприсутната желба за заминување надвор од оваа прекаријатна состојба.

Македонија има минато на жестока и борбена женска активност и чувствуваме должност да потсетиме на тие денови. Архивите се ограничувачки и непотполни, но тоа не смее да го однесе во заборав синдикалното активно дејствување на женските икони на работничкото движење во Македонија, меѓу кои Роса Плавева, која заедно со нејзините соборци за првпат го бележи празникот 1 Мај во 1909 година во Скопје. Таа продолжува да организира синдикални штрајкови во периодот по Првата светска војна. Во годините потоа активно организираат штрајкови Невена Георгиева-Дуња, Љубица Георгиева, Илона Трајкова, Денка Димова и многу други жени кои работеле како текстилни работнички.

ПРВО ПА ЖЕНСКО од 3-6 мај 2018 ќе биде домаќинка на гости кои размислуваат за овие суштински прашања. Со нив ќе разговараме за тоа: Дали текстилните работнички, кои едвај ја земаат минималната плата, го добиваат заслуженото по долгите безнадежни штрајкувања, или ќе продолжат да ги собираат на купче мноштвото од едномесечни договори? Дали неплатениот домашен труд, некогаш ќе биде препознаен и вреднуван? Дали ќе се вреднува како полно работно време или и понатаму ќе подразбираме дека тоа е вообичаен, безрезервно овозможуван луксуз од страна на оние кои решиле да му се посветат на домот, додека ние со нетрпение ја чекаме храната во чинија поставена на масата? Дали девојките и жените во Македонија, оние во градовите, оние во селата и во руралните места, можат без пречки да се грижат за своето репродуктивно здравје, и воопшто за нивната општа здравствена состојба? До кога ќе ги прашуваат девојките дали планираат да раѓаат, на секое интервју за ново работно место? Дали воспитувачката во градинка ќе продолжи да се грижи за 30 деца одеднаш? Дали новата иницијатива за законот за породилно отсуство ќе ја стимулира пасивноста на жените во Македонија, нејзино затворање во домот и отсекување од јавниот живот или треба да поттикнува вклученост, активност и преземање на улога на влијателен и одлучувачки субјект на граѓанството на една држава? Дали бројката од 6 проценти избрани градоначалнички во Македонија, некогаш ќе биде двоцифрена? Родовиот јаз во платите само продолжува да ја поттикнува нееднаквоста на родовите во социо-економскиот и културен живот. Заложбата за отпор кон тие наметнати норми е повеќе од потребна. Но, начинот на кој што треба да се дојде до еднаквоста вклучува многу посилен еманципаторски влог и сериозен предизвик во институционалната сфера и политичката волја.

Дојдете да ги искористиме овие фестивалски денови за размена на искуства и знаења, за промислување на овие и многу други прашања, за проследување на активните жени на сцената, зошто ПРВО ПА ЖЕНСКО и понатаму продолжува да постои како простор за презентација, учење и размена на нови иницијативи во културата и уметноста кои се моќни катализатори на пораката која сакаме да ја пренесеме.

Солидарно,
Јана Коцевска

Ако вработиш куќна помошничка, националниот приход ќе порасне, стапката на вработеност ќе порасне, ќе порасне и економскиот развој. Со тоа стапката на невработеност ќе се намали.

Ако се ожениш со неа и таа продолжи да ја работи истата работа, националниот приход ќе опадне, стапката на вработеност ќе опадне, економскиот развој ќе се намали, а стапката на невработеност ќе порасне.

Ова не може да биде ни поглупаво, ни посексистичко, нели? А сепак, нашите учебници, нашите политичари и статистичари, продолжуваат да го вреднуваат само трудот, а не работата што многумина од нас ја вршат.

Гај Стендинг

FIRST BORN GIRL feminist culture and action festival 3-6 May

Dear friends of FIRST BORN GIRL,

"6 hours work, 6 hours culture, 6 hours activism, 6 hours rest" is the advocating postulate of the sixth edition of the feminist culture and action festival - FIRST BORN GIRL. Improving labour rights for women, proper valuation of our fellow citizens' unpaid housework, finding paths of giving conscious resistance to the current and past forms of exploitation and devaluation of labor and dignity are issues that are in the focus of this year's festival. We advocate for a new 6 hour work day, recalling the 19th century workers' hard-won struggle of the 8 hour one. In those times the struggle for a free daily leisure time was the main political issue of the labour movement. Today, the leading political endeavor is finding a way to decent working conditions, workplace protection and care for workers, especially within the industrial branches, while resisting the neoliberal exploitative practice. One quarter of the day belongs to the activism since we consider everyday proactive initiatives of syndicate strengthening are a key factor in resistance building. The Macedonian life for many citizens implies living conditions below a decent living standard, inadequate education, public health services that no one deserves, corruption as a most common everyday practice and, among other, omnipresent will of leaving this precarious state in search for better life outside of the country.

Several fierce women are part of Macedonia's past, fighting bravely as women activists. We feel obliged to remember those days of struggle. The archives are limited and incomplete, but knowing this fact, we mustn`t bring to oblivion the iconic female figures that were active in the struggle of the labour movement, women such as Rosa Plaveva, who, together with her comrades, organized the first celebration of May Day in 1909 in Skopje. She continues to organize syndicate strikes in the period after the First World War. In the years that follow many other women actively organize strikes while working in the textile industry. Some of these women are Nevena Georgieva-Dunja, Ljubica Georgieva, Ilona Trajkova, Denka Dimova and many others.

From 3rd to 6th of May, FIRST BORN GIRL will host guests who think about these essential and important issues. With them we will try to address the following questions: Do textile industry workers, who hardly receive their minimum wages, deserve such treatment after hopeless striking? Or should they just keep piling up their precarious monthly contracts? Will unpaid housework ever be recognized and valued? Will housework ever be valued as full time job or it will continue to be common, implicitly given luxury by those who decided to care for the home we also live in and eagerly wait for the prepared dinner at the table? Can girls and women in Macedonia, those living in cities and rural areas, have access to proper reproductive health care and take care of their general well being? Until when will the young women in Macedonia be asked on their job interviews if they plan to give birth? Until when a kindergarten teacher will look after 30 children by herself? Will the new maternity leave initiative, stimulate the passive role of women in Macedonia, their home imprisonment and cutting them from the public life, or should the initiative motivate inclusion, proactiveness and role of an influencing and decisive subject in the societal life of one country? Will the poor 6 percent elected women mayors in 2017 elections in Macedonia, ever become a two figure number? The gender gap in salaries keeps to incite gender inequality in socio-economic and cultural life. The urge to resist those norms is more than needed. Yet, the way to achieve equality involves much stronger emancipating input and serious institutional challenge and political will.

We welcome you to spend with us these festival days in exchanging experiences and knowledge, rethinking these and many other questions, supporting active women of the local scene, since FIRST BORN GIRL continues to exist as space for presentation, learning and sharing of new initiatives in culture and art, which are powerful catalyst of the message we wish to spread.

In solidarity,
Jana Kocevska

If you hire a housekeeper the national income would grow up, employment would grow up, and economic growth would grow up. The unemployment rate would go down. If you married her, and she continued to do exactly the same work, national income would go down, employment would go down, economic growth rate would go down and the unemployment rate would go up.

You can't get more stupid than that, and sexist, right? And yet still our textbooks, our politicians our statistics only measure labor, not all the work many of us do.

Guy Standing

3 MAJ

Дискурзивна програма
12:00 · плато пред МКЦ

Ова не е дебата. Ова не е панел-дискусија. Овде нема железен протокол и сериозни вратоврски. Ова се разговори помеѓу луѓе соочени со исти предизвици. На оваа маса седат жени со исти интереси и заложби. Се прашуваат едни со други и изнаоѓаат заеднички позиции за делување.

За женската солидарност и социјалното претприемништво: Драгана Каровска Чемерска (ХЕРА) и Јелена Вишњиќ (БеФем - Белград);

За текстилните работнички: Кристина Ампева (Гласен текстилец) и Мила Царовска, Министерка за труд и социјална политика;

За сексуалните работнички: Наташа Бошкова (Коалиција Маргини) и Славјанка Петровска од Министерство за внатрешни работи.

По секој разговор следува краток блок прашања од публиката.

Discursive program
12.00 · YCC plateau

This is not a debate. This is not a panel discussion. There are no protocols nor suits and ties here. Only talks between people faced with the same challenges. On this table there are women who share the same interests and efforts. They ask each other questions in order to find common positions for action.

On the female solidarity and social entrepreneurship: Dragana Karovska Chemerska (HERA, Skopje) and Jelena Vishnjikj (BeFem, Belgrade);

On the textile workers: Kristina Ampeva (Glasen Tekstilec) and Mila Carovska, Minister of labor and social policy;

On the sexual workers: Natasha Boshkova (Coalition Margini, Skopje) and Slavjanka Petrovska from the Ministry of Interior.

ОФИЦИЈАЛНО ОТВОРАЊЕ НА ФЕСТИВАЛОТ
21:00 · Кино Фросина, фоаје на кат

Изложба: Ќемо, ќемо... ја, ма како ќемо?! Божена Кончиќ Бадурина, Дуга Мавринац

Авторките на амбиенталната инсталација *Ќемо, ќемо... ја, ма како ќемо?!* го актуелизираат прашањето за неплатениот домашен труд. Презентираната содржина произлегува од заедничкото етнографско истражување на работата на хрватските негувателки на стари и изнемоштени лица во Италија, и ја актуелизира и проблематизира невидливоста на работничките во домот во секојдневниот и јавниот говор, особено нивната незаштитеност во институционални рамки. Посебно место во инсталацијата зазема Конвенцијата С189 на Меѓународната организација на трудот со која јасно се дефинирани основните стандарди за заштита на вработените во домаќинствата, и конечно им се признаваат досега скратените работнички, а и човекови права. Уметничката книга „Тука и таму“, која ја надополнува инсталацијата, низ текст и цртежи ги обединува различните искуства од животот на хрватските негувателки, нивната специфична трансмигрантска позиција и нивниот идентитет. Инсталацијата досега е изложена на изложбата „Помеѓу таму и таму: Анатомија на привремените миграции“ во Музејот на модерна и современа уметност во Риека, и на изложбата „Тие биле какво-такво решение“ во галеријата „Нова“ во Загреб во 2017 година.



OFFICIAL OPENING OF THE FESTIVAL
21.00 · Frosina hall, 1st floor foyer

Exhibition: Ćemo, ćemo ... ja, ma kako ćemo?! Bozena Koncic Badurina and Duga Mavrinac

The authors of the ambience installation *Ćemo, ćemo ... ja, ma kako ćemo?!* popularize the question of the unpaid domestic labor. Its content is a result of their ethnological research on the labor of the Croatian women that work in Italy as caregivers for elders. The installation exposes and expounds the absence of the domestic workers in the everyday and public space, and their nonexistent institutionalized protection.

The Convention C189 of the International labor organization, voted in June 2011, takes a special place in the installation. The Convention acknowledges the domestic

workers' labor and human rights by also defining the basic standards for their protection.

The art book "Here and there" compliments the installation with texts and drawings that unite the different experiences of the Croatian caregivers, their distinctive transmigrant work, and their identities. Throughout a loose narrative, the book tries to note how the constant travel and taking care of two households can affect the identity of the caregivers and their relationships with their families.

The installation has been shown in the exhibition "Between here and there: The anatomy of the temporary migrations" in the Museum of contemporary art in Rijeka, and in the exhibition "They were kind of a solution" in the gallery "Nova" in Zagreb, 2017.

Изложба: Куварици NEpraktične žeNE

Занаетчиското здружение „NEpraktične žeNE" ги здружува женските, машките и останатите верзии на везени НОВИ КУВАРИЦИ. Именувано е во 2016, а настанало уште во 2000 година. Членки, членови и останати: Ленка Зеленовиќ, Бригита Меѓо, Сања Стаменковиќ, Пава Мартиновиќ, Весна Ненадов, шкарт, Владан Николиќ и многу други жени и мажи...

се прашуваме и прашуваме:

- смееме ли баш низ занемерената народна творба, наместо пасивното повторување на традиционалните лекции КАКО ТРЕБА, да зборуваме отворено со јазикот на критичката комуникација за тоа КАКО Е?

- можеме ли да направиме спој на различните занаетчиски и креативни искуства во заедничката борба против патријархатот и насилството, а за еднаквоста, солидарноста и правото на глас?

-што да им се каже на наведнатите глави?

-...а што на заспаните?

Куварициte на NPŽ се изложуваат како на жици за пружање алишта, на улични акции, селски панаѓури, така и во училишта и пензионерски домови, како на активистички собири и протести така и во светски галерии, музеи и саеми за дизајн. Преведени се на англиски, шпански, полски, германски, француски, корејски, јапонски, а сега и на македонски; се читаат на поетски вечери и во бањи за рехабилитација; достапни се за различна публика и секогаш во потрага по нови прашања и нови коментари.



Embroidered decorative towels, collective NEpraktične žeNE

The handcraft community "NEpraktične žeNE" ("Impractical women") unites the embroidered towels from many women, men and everyone else. The community was founded in 2000 and named in 2016. Members and others: Lenka Zelenović, Brigita Međo, Sanja Stamenković, Pava Martinović, Vesna Nenadov, shkart, Vladan Nikolić, and many other women and men.

we keep wondering:

– do we dare, instead of passively repeating the traditional lesson of «HOW IT SHOULD BE», use neglected housework as a means to openly use the language of critical communication to talk about «HOW IT IS»?

– can we join different creative and handicraft experiences in a united battle against patriarchy and violence, for equality, solidarity, and the right to speak up?

– what do we say to bent heads?


– and what do we say to sleepy heads?

You can find *NPŽ*'s decorative towels displayed everywhere, from cloth drying ropes, street acts, village fairs, schools, retirement homes, activist events, protests, all up to world galleries, museums, and design fairs. They have been translated in English, Spanish, Polish, German, French, Korean, Japanese, and now in Macedonian too; the messages are read on poetry nights, in spa baths.... They are available for everyone, always searching for new questions and critique.

ЛезФем Слем
21:30 · плато пред МКЦ

Неформалната група ЛезФем традиционално ја зазема сцената на ПРВО ПА ЖЕНСКО со веќе добро познатиот ЛезФем поетски слем. Пишувањето, споделувањето и славењето на женската поезија е нашиот чин на градење нови, слободни простори и реалности. Очекувајте едночасовен оган на подиумот предизвикан од моќни, гласни, љубовни, квир, борбени и провокативни стихови од женските гласови на градот. Повторно правиме комбо од настапи на нашите познати (и помалку познати) поетеси и специјални гостинки и гости, ЛезФемки, ЛезБучки, ЛезСлемки и Тиииитовки, кои ќе ни ги претстават нивните омилени *écriture feminine* стихови. Да го отвориме ППЖ 6 со женска поезија!

ЛезФем е лезбејско-феминистичка група создадена низ дружења и долги разговори на неколку девојки кои се препознаваат себеси како лезбејки, политички лезбејки, феминистки. Наша цел е зголемување на видливоста и политичката релевантност на лезбејскиот и феминистичкиот активизам и промовирање на свежи стратегии на отпор кон доминантните идеолошки концепти на патријархатот, шовинизмот, хетеронормативноста, национализмот и клерикализмот. Се стремиме кон креирање на автентичен политички глас, трагајќи по различните женски искуства во минатото додека го градиме нивното значење и континуитет денес, како и кон политичка артикулација на секојдневните искуства и социјални релации помеѓу жените, не само емотивни, туку и економски, пријателски, професионални, семејни.



LezFem Slam
21.30 · YCC plateau

The informal group LezFem traditionally takes the stage of FIRST BORN GIRL with the well-known LezFem poetry slam. Writing,

sharing and celebrating female poetry is our act of building new, free spaces and realities. Expect an hour-long fire on the stage caused by powerful, loud, passionate, queer, fierce and provocative verses from the female voices of this city. Again, we make a combo from performances of our famous (and lesser known) female poets and special guests, who will present their favorite "écriture feminine" poems. Let›s open FIRST BORN GIRL with female poetry!

LezFem is a lesbian-feminist group created through socializing and long conversations between several girls who recognize themselves as lesbians, political lesbians, feminists. Our goal is to increase the visibility and political relevance of lesbian and feminist activism, and to promote fresh strategies of resistance to the dominant ideological concepts of patriarchy, chauvinism, heteronormativity, nationalism, clericalism. We strive to create an authentic political voice by searching for the different female experiences in the past as we build their meaning and continuity today, as well as to the political articulation of everyday experiences and social relations between women, not only emotional, but also economical, professional, in relations with friends and family. It is in these female realities, not imagined life styles, that LezFem finds a source of knowledge, values, energy and power.

4 MAJ

Предавање: Уметничките институции и еднаквоста во собирите, Бојана Кунст

соработка со ЛОКОМОТИВА - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата

19:00 · Кино Култура

Во своето предавање, Кунст ќе се фокусира на нападите врз уметничките институции, претстави, изведувачки фестивали и други уметнички настани, поврзани со порастот на популизмот и национализмот во Европа. Тие се поврзани и со серијата мерки на штедење и буџетски кратења за независниот културен сектор, кои одат во линија со прилагодувањето кон хиерархиското и популистичкото разбирање на уметноста, со што се засенуваат и осиромашуваат многу уметници, и уште повеќе се маргинализира нивната веќе несигурна позиција. Целта е сосема да се намали инфраструктурната поддршка која е потребна не само за опстанокот на практиките, туку и за континуитетот на автономниот политички и естетски израз.

Бојана Кунст е филозоф, драматург и теоретичарка за изведбени уметности. Работи како професорка и директорка на Институтот за применети театарски студии на Универзитетот „Јустус Либиг Гисен", Германија. Членка е на уредничкиот одбор на списанието "Maska", "Amfiteatr" и "Performance research". Нејзина последна книга "Artist at Work, Proximity of Art and Capitalism" е во издание на Zero Books, Винчестер, Лондон (2015).

Предавањето се реализира во рамки на програмата Уметност, Политика Институција, Тело на ЛОКОМОТИВА, чија основна цел е отварање нови можност заа млади професионалци за критичка рефлексија и компаративна анализа на современите уметности, и согледување на уметничите практики и културните дејности преку призма на современиот контекст.

Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата е граѓанска организација и активен учесник во градењето и развојот на демократ-

скиот социо-културен простор во Македонија и во регионот. Преку нејзините активности, Локомотива има за цел да овозможи подобар пристап на граѓаните до уметничките и културни настани и проекти и да влијае на развојот и поддршката на современа уметност и култура, како поттик во развојот на демократското општество. Како ко-основач и партнер на проектот простор Кино Култура (заедно со Театар на Навигаторот Цветко), Локомотива интервенира директно во јавната сфера, создавајќи простор кој е потребен за делување на граѓанските организации во полето на културата и поширокиот граѓанскиот сектор.

Lecture: Artistic institutions and the equality of gatherings, Bojana Kunst

in collaboration with LOKOMOVA - Centre for New Initiatives in Arts and Culture

19.00 · Kino Kultura

The lecture will be focused on the attacks on the artistic institutions, plays, performance festivals, and other artistic events, which are all related to the rise of populism and nationalism in Europe. They are also related to the series of austerity measures and budget cuts on the non-governmental sector of culture, which are often used as series of re-evaluations and adjustments to the more hierarchical and populist understanding of art, throwing many artists into invisibility and poverty and marginalizing their already precarious situation. The goal is to completely reduce the infrastructural support which is not only needed for the existence of the practices, but also for the continuity of the autonomous political and aesthetic expression.

Bojana Kunst is a philosopher, dramaturg and performance theoretician. She is the director of the Institute for Applied Theater Studies in Justus Liebig University Giessen, where she is also working as a professor. She is a member of the board of editors of the magazines: "Maska", "Amfiteater" and "Performance Research". Her last book was "Artist at Work, Proximity of Art and Capitalism" that was published by Zero Books, Winchester, London, 2015.

The lecture is part of the program "Art, Political Institution, Body" initiated by LOKOMOTIVA. The aim of the program is to open new possibilities for young professionals for critical reflection and comparative analysis of contemporary arts and perception of art practices and cultural activities through the prism of the contemporary context.

Lokomotiva - Centre for New Initiatives in Arts and Culture is a civic organization and an active participant in the building and development of the democratic socio-cultural space in Macedonia and in the region. Through its activities, Lokomotiva aims to provide better access of citizens to artistic and cultural events and projects and to influence the development and support of contemporary art and culture as an impetus for the development of a democratic society. As a co-founder and partner of the project_space Kino Kultura (together with the Theater of the Navigator Cvetko), Lokomotiva intervenes directly into the public sphere, creating a space that is needed for the action of civil society organizations in the field of culture and the wider civil sector.

Претстава: *Кралици*, БеоАрт

соработка со MOT+

21.00 · Кино Фросина

Текст: Дарко Лукиќ
Режија: Бранислав Трифуновиќ
Актерки: Милица Јаневски, Милица Трифуновиќ, Тијана Марковиќ
Продукција: Бео Арт

Барајќи подобро платена работа, Има и Хела доаѓаат кај Леа. Првично мислат дека ќе работат како танчерки, но набрзо сфаќаат дека Леа од нив очекува многу повеќе.

„Кралици" на Дарко Лукиќ на повеќе полиња и со различни жанровски предзнаци ги промислува проблемите на шовинизмот, војната, достоинството на интелектуалецот, пријателството, љубовта, духовноста... и прашањето што се е подготвен човекот да направи за да преживее?

Толку сум голема и моќна, што и сонцето мора да ме слуша. Наредив да застане точно на пладне и еве го, стои.... Ќе останам засекогаш млада, зашто времето стои. Наредувам да се зазидаат прозорците на мојата спална соба за да можам да спијам.

Млад отворен театар е најголемиот меѓународен театарски фестивал во Македонија, кој оваа година ќе го има своето 43-то издание. Соработката на фестивалот со ПРВО ПА ЖЕНСКО е дел од придружната програма MOT+.



Theatre play: "Queens"

in collaboration with the MOT+

21.00 · Frosina hall

Text: Darko Lukić
Directed by: Branislav Trifunović
Actresses: Milica Janevski, Milica Trifunović, Tijana Marković
Production: Beo Art

Looking for a better paid job, Mima and Hela come to Lea. Initially they think they will work as dancers, but soon they realize that Lea is expecting more of them.

Darko Lukić's "Queens" in many ways and by different genre remarks reflects the problems of chauvinism, war, dignity of the intellectual, friendship, love, spirituality ... and the question what is a man prepared to do in order to survive?


I am so great and powerful that even the sun has to listen to me. I ordered it to stop exactly at noon and here it is, standing still .... I will remain forever young, because the time has stopped. In order to sleep, I order for the windows in my bedroom to be wallowed.

Mlad otovoren teatar, the biggest international theatre festival in Macedonia, is going to have its 43rd edition this year. The collaboration with FIRST BORN GIRL is part of its additional program MOT+

Диџеј сет на Ивана Драгшиќ

22.30 · плато пред МКЦ

По доселувањето во Аеродром, Ивана Драгшиќ своето образование го започна во МНТ и Метропол, а дипломираше во Елемент. По летните школи на скопските улици, на специјализација влезе во Канал 103, каде и денес, после 12 години работи на последниот проект „ДІSKORДІA–можен саундтрак за падот на патријархатот". Со поддршка од неколку исклучителни имиња од постарата бела, машка генерација дицеи, а во консултација со помладите нестрејт и нецис генерации на пријатели, таа ненаметливо го наоѓа своето место низ скопските и подалечни подиуми. Ивана е носителка на титулата Мис интерпретација и задолжителна учесничка на ПРВО ПА ЖЕНСКО.



DJ set by Ivana Dragshić

22.30 · YCC plateau

After moving to Aerodrom, Ivana started her education in MNT and Metropol, and she graduated in Element. After she attended summer schools on the streets of Skopje, she started her specialization in Kanal 103, where, after 12 years, she is still working on her latest project «ДІSKORДІA - a possible soundtrack for the crash of patriarchy». Thanks to the support from several exceptional, white, male DJs, and by consulting the younger generation of non-straight and non-cis friends, she unobtrusively finds her place in Skopje clubbing scene. Ivana holds the title Miss Interpretation and she is a must-have guest on FIRST BORN GIRL.

5 MAJ

Предавање/перформанс: „NEpraktične žeNE"

19:00 · Кино Фросина, фоаје на кат

Учествуваат: Ленка Зеленовиќ, Бригита Меѓо и Пава Мартиновиќ.

NEpraktične žeNE ги претставуваат своите дела низ обичен кујнски разговор: од еден до друг вез, нижат приказни за причините на тие мали побуни на запишување на вистината и нејзино јавно искажување. Некаде тоа се нарекува трач-седенка, некаде предавање-перформанс, некаде *kaffeeklasch*. Секако – дојди да ти кажам искрено.

Lecture-performance: „NEpraktične žeNE"

19.00 · Frosina hall, 1st floor foyer

Participants: Lenka Zelenović, Brigita Međo and Pava Martinović.

NEpraktične žeNE (Impractical women) present their artworks through common kitchen talks: from one stitch to another, embroidering reasons for small rebellions of writing down and speaking out loud the truth. Somewhere they call it a chit-chatting, somewhere it is a lecture-performance, somewhere *kaffeeklatsch*. In any case - let me tell you straight.

Филмска програма: проекција на "Сонување во капитализам", *Софи Бруне*

Белгија / 2017 / 63'

селекција на филм Кумјана Новакова

20.00 · Кино Фросина

Фестивали: 40ème Festival Cinéma du Réel - Paris- France, Festival Millenium 2018 - Brussels - Belgium, 15th Crossing Europe Film Festival Linz 2018

Дванаесет луѓе се навраќаат на свои-

те соништа поврзани со работата и се обидуваат да го толкуваат нивното значење. Овие измачени души на поетски и политички начин го опишуваат своето лично страдање на работното место. Сонувачите и нивните соништа полека го разоткриваат светот во кој доминира неолибералниот капитализам. Филмот е копродукција на Alter ego films, Michigan Films, RTBF, ARTE G.E.I.E, CBA, Fresnoy, со поддршка од Centre du cinéma et de l'audiovisuel de la Fédération Wallonie-Bruxelles, VAF и the Scam.

Софи Бруне е антропологиња, режисерка на документарни филмови и истражувачка на Институтот за социологија при Универзитетот Либре во Белгија. Добитничка е на бројни награди, меѓу кои и наградата за најдобар документарен филм на Меѓународниот фестивал на документарен филм во Билбао.

Кумјана Новакова работи во областа на креативниот документарен филм и аудиовизуелни уметности од 2006 година. Развива проекти кои ја обединуваат филмската и современа уметност, главно истражувајќи ја интеракцијата меѓу идентитетите, спомените и колективното јас. Таа е ко-основач на Филмскиот фестивал Право Људски во Сараево, Босна и Херцеговина.

По проекцијата следува дискусија.



Film program: "Dreaming under Capitalism", *Sophie Bruneau*

Belgium / 2017 / 63'
film selection Kumjana Novakva

20.00 · Frosina hall

Twelve people recount and then interpret their memory of a dream about work. These mistreated souls describe, in a poetic and political way, their subjective suffering at work. Bit by bit, the dreamers and their dreams portray a world dominated by neoliberal capitalism.

The film is a co production between Alter ego films, Michigan Films, RTBF, ARTE G.E.I.E., CBA, Fresnoy, and supported by Centre du cinéma et de l'audiovisuel de la Fédération Wallonie-Bruxelles, VAF and the Scam.

Sophie Bruneau is an anthropologist, documentarist and a researcher on the Institute of Sociology at the University Libre, Belgium. She has won many awards, amongst them the award of the best documentary movie in the Bilbao short and documentary film festival.

Kumjana Novakova works in the field of creative documentary cinema and audiovisual arts since 2006. She is the co-founder of the Pravo Ljudski Film Festival in Sarajevo, Bosnia and Herzegovina. She develops projects between cinema and contemporary art, mostly exploring the interplay between identities, memories and the collective self.

The screening will be followed by a discussion.

Концерт: Фосфен (МК), DIVES (АТ) и RepliCunts (RS)

соработка со ISKRA Tourbooking

22:00 · плато пред МКЦ

Женски здружени со ISKRA Tourbooking ве носиме на музичко патување и запознавање со нови квалитетни артист-(к)и од домашната и европската музичка сцена. За девојките од DIVES и Replicunts ова е прво претставување пред публиката во Македонија.

Fosfen се инди/поп-рок прогресивци од Битола, основани во 2016 година. Имаат одржано повеќе настапи на алтернативната сцена низ Македонија и полека го подготвуваат своето првенче кое ќе излезе годинава. Кога Dischord Records би издавале албум на бенд од Македонија, тоа сигурно би бил бендот на овие момци!

Replicunts се женски панк рок бенд од Белград, Србија чија приказна започнува во 2012. Овие три девојки низ изминатите години имаат отсвирено голем број концерти во Србија, гостувале на фестивали и остварило две европски турнеи. Звукот на Replicunts е мешавина од old school панк и мелодичен хардкор панк. Нивното ново ЕП ќе биде објавено кон крајот на мај.

Членките на **DIVES** се три другарки кои се запознале на Австрискиот женски рок камп во 2016 и веќе наредната година го снимаат својот мини-албум за Siluh Records. Изданието содржи 6 песни кои се освежување на традиционалниот сурферски звук. Иако мелодиите во стилот на 80-тите потсетуваат на La Luz, сепак Dives свират модерна инди музика која вистински ја забавува и придвижува публиката.

Не е моја револуција, ако не смеам да танцувам! - Ема Голдман

ISKRA Tourbooking е независна музичка букинг агенција, резултат на долгогодишниот ангажман на музичката сцена на нејзината основачка Елена Крстева. Главен фокус на ISKRA Tourbooking е букирање и организирање настапи и турнеи на хардкор/панк артисти низ Европа, како и организирање фестивали.



Concert: Fosfen (MK), DIVES (AT) and RepliCunts (RS)

in collaboration with ISKRA Tourbooking

22.00 · YCC plateau

This year FIRST BORN GIRL has teamed up with ISKRA Tourbooking in order to create an unforgettable musical journey where you will meet new, exceptional artists from the European music scene. For the girls

from DIVES and Replicunts this will be the first appearance in front of the Macedonian audience.

Fosfen is an indie/pop-rock progressive band from Bitola, founded in 2016. They have performed plenty of times on the alternative scene throughout Macedonia and they are slowly preparing their debut album coming out this year. If Dischord Records would release an album for a band from Macedonia, these guys' band would certainly be the one!

Replicunts is a female punk-rock band from Belgrade, Serbia. These three girls started their story in 2012. Over the past years they have played numerous concerts in Serbia, festivals and they have had two European tours. Their new EP will be announced at the end of May. The sound of Replicunts is a mixture of old school punk and melodic hardcore punk.

DIVES' members first met at the Austrian Girls Rock Camp in 2016 and the next spring in 2017 they've recorded their self-titled mini album with Siluh Records. The mini album has six songs that are a refreshment on the traditional surfer sound.

There's some 80s vibe going on, their sound resembles the band La Luz, but still, DIVES are contemporary at the pulse of modern Indie music.

If I can't dance, it's not my revolution!
- Emma Goldman

ISKRA Tourbooking is an independent music booking agency, a result of its founder Elena Krsteva's long-term engagement on the independent music scene. ISKRA›s main focus is booking and organizing performances and tours for hardcore / punk artists across Europe, as well as organizing festivals.

6 МАЈ

Дневна програма

плато пред МКЦ

13:00 · Базар

Слободен простор за презентација на возбудливите ракотворби на нашите омилени домашни креативци. Не заборавајте да си ја понесете заштедата, ќе ви треба.

13:00 · Диџеј сет на Јана, Мартина и Роберта

Овие љубителки на добра музика и точаци се вистински урбан Girl Gang. Можете да ги лоцирате на некои од следниве локации: Мартина позади фус, добош, бас и неколку чинели, Роби позади шанкот на МКЦ и Црно Кафе, Јана некаде низ скопскиот метеж додека манијачки вози точак и пробува да го смени светот. Во недела ќе ги најдете на ПРВО ПА ЖЕНСКО, каде што здружено настапуваат со својот целодневен диџеј сет.



Day program

YCC plateau

13:00 · Bazaar

An open space for the exciting handmade crafts of our favourite local creatives. Don't forget to bring your savings, you'll definitely need them.

13:00 · DJ set - Jana, Martina and Roberta

These good music and bikes lovers are a real urban Girl Gang. You can see them at some of the following locations: Martina is usually behind a drum kit, a snare drum, a bass, and a few cymbals, Robi is behind the bar of the YCC and Crno Cafe, and Jana is manically riding her bike somewhere through the Skopje's snarl, trying to change the world. On Sunday, you will find them at FIRST BORN GIRL where the three of them will be our DJs all day long.

15:00 · Кулинарска изложба: „Неделниот ручек како репродуктивен труд“

Концепт: Кире Василев и Кристина Леловац

Со почетокот на неолибералната глобализација, во земјите во развој започнува процес на феминизација на трудот, во кој дел од жените кои претходно го обавувале репродуктивниот труд во домаќинството сега масовно се вклучуваат во процесот на производство, пред сè во трудово-интензивните гранки. Така жените се повторно експлоатирани преку екстракција на вишокот на вредност кој го создаваат. Оваа изложба има за цел да го потврди аргументот на некои феминистики дека непродуктивниот труд е подеднакво важен како и продуктивниот труд, кој во капиталистичките социјални односи може да се комодификува и монетизира. На публиката ќе и биде послужен комплетен неделен ручек - предјадење, главно јадење и десерт, презентиран не само како уметничко дело, туку и како производ на нечиј труд кој има сопствена вредност.

Кире Василев е долгогодишен активист за работнички и социјални права. Магистрирал на Школата за ориентални и африкански студии при Универзитетот на Лондон. Својата специјализација ја стекнал на Програмата за труд, социјални движења и развој.

15.00 · Culinary exhibition: “Sunday Lunch as Reproductive Labour“

Concept: Kire Vasilev and Kristina Lelovac

With the birth of neoliberal globalization, in developing countries a process of feminization of the labor began. Some women, who previously performed reproductive labor in the household, are now massively involved in the production process, especially in the labor-intensive branches. Thus, women are being exploited again by extraction of the excess of value that they create. This exhibition aims to confirm the argument of some feminists, that non-productive labor is just as important as productive labor, which can be commodified and monetized in capitalist social relations. The audience will be served a complete Sunday lunch - an entree, a main dish, and a dessert, presented not only as a ‹›work of art›, but also as a product of someone›s work with its own value.

Kire Vasilev is a longtime activist for workers› and social rights. He has a Masters Degree from the School of Oriental and African Studies at the University of London. He acquired his specialization in the Program for Labor, Social Movement and Development.

17:00 · Презентација: работилница за деца „Почетен курс за бунтовници“ и промоција на книга: „Приказни за добра ноќ за бунтовни девојчиња“


соработка со Колектив Ветерница и Арс Ламина



Во рамки на тридневната креативна работилница „Почетен курс за бунтовници“ децата ќе ги запознаваат основните дефиниции на трудот и неговата поделба во рамките на општеството. Целта е поттикнување на работа во група, солидарност и соработка без разлика на родова припадност, развој на фантазијата и креативноста, и осветствување на важноста на создавањето на еднаков свет за сите. Инспирацијата доаѓа од првото издание на македонски јазик на книгата „Приказни за добра ноќ за бунтовни девојчиња“ која својата промоција ја има токму на ПРВО ПА ЖЕНСКО. „Приказни за добра ноќ за бунтовни девојчиња“ на Елена Фавили и Франческа Кавало е книга за деца и возрасни во која се вклучени 100 приказни за добра ноќ за животот на 100 неверојатни жени од минатото и сегашноста, илустрирани од 60 уметнички од целиот свет. Ова не се приказни за нежните принцези кои чекаат да дојде принцот и да ги спаси, туку за вистински жени од минатото и сегашноста кои постигнале неверојатни резултати, без разлика на околностите. Тие се бунтовни девојки кои го сменила текот на историјата.

Колектив Ветерница е независен и самоодржлив уметнички колектив кој реализира едукативно-креативни работилници, летни и зимски школи за деца и млади, и програми за совладување на наставната програма преку асоцијативно учење, а се занимава и со издаваштво. Основан од Марија Бејкова - актерка, Ивана Нелковска - драматург, Билјана Митева - социјална работничка, Билјана Димитрова - културна работничка и Сања Врбек - политиколог, овој женски колектив меѓудругото работи и на промена на сфаќањата дека танцот е наменет исклучиво за девојчиња.

Основана во 2005-тата, **Арс Ламина** денес е еден од најголемите издавачи на академската, научната и белетристичката литература во земјата и една од 200 најуспешни компании во Македонија.



17.00 · **Presentation of the children's workshop "Beginners course for rebels" and promotion of the book "Good night stories for rebel girls"**
in collaboration with Collective Veternica and Ars Lamina

During the three days long workshop "Beginners' course for rebels" the children will learn the basic definitions of labor and its distribution in the society. The goal is to encourage working in groups, to inspire solidarity and everyone to work together no matter their gender, to awaken their fantasy and creativity, to acknowledge the importance of creating a world of equality. The inspiration for the workshop came from the first edition in Macedonian of the book "Good night stories for rebel girls" whose promotion will take place on FIRST BORN GIRL. Good night stories for rebel girls" written by Elena Favilli and Francesca Cavallo is a children's and adults' book composed of 100 good night stories for 100 exceptional women from the past and today. They are illustrated by 60 female artists from all around the world.The protagonists in these stories are not damsels in distress waiting for their prince to save them; they are stories for real women from the past and today, that have succeeded in their goals no matter the bad circumstances. Stories for the rebel girls whose actions changed the course of history.

Collective Veternica (Windmill) is an independent and self-sustained art collective which organizes educational and creative workshops, summer and winter schools for children and youth. They have programs for mastering curriculums through associative learning and work with publishing. This female collective, founded by Marija Bejkova – actress, Ivana Nelkovska - dramaturge, Biljana DImitrova – cultural worker, and Sanja Vrbek – political scientist, works towards crushing stereotypes like: "dancing is for girls"...

Founded in 2005, **Ars Lamina** has become one of the biggest publishers of academic, scientific, and belletristic literature in the country.

Перформанс: „Како мојот живот стана културен работник - културните работници ја заземаат сцената"
Биљана Тануровска Ќулавковски и Ивана Васева

20:00 · Кино Фросина

Недостатокот од работни услови кој продуцира непостојан, несигурен или прекаријатен начин на работа и постојаната преокупација со професионалните ангажмани е една од главните теми на овој специфичен перформанс кој има за цел да ги нагласи и истакне условите и контекстот во кој работат самостојните културни работници. Содржината се базира на истражувањата околу работните услови во полето на културата, базирано на компаративни анализи во земјите во регионот и пошироко, со цел да се нагласат потребите за промени во „Правилникот за утврдување на критериумите, постапката и начинот на обезбедување поволни услови и надоместоци од средства на републичкиот буџет, на самостојните уметници", како и во Законот за култура.

Биљана Тануровска Ќулавковски е културна работничка, предавачка, консултантка, истражувачка, менаџерка во културата, и кураторка. Таа е соосновачка и извршен директор на НВО „Локомотива" од 2003 година, и еден од соосновачите на „Кино Култура" и на „Номад Танц Академија" – регионална платформа за развој на современиот танц. **Ивана Васева** е кураторка, истражувачка и авторка. Ги курирала и продуцирала последните пет изданија на Фестивалот за современи уметности АКТО, работела на темите на важноста од архивирањето и музејските колекции, на регионалниот истражувачки проект „Кога зградите би зборувале" и на платформата „Култура за граѓански промени".



фото: Ванчо Џамбаски · Photo: Vancho Dzambaski

Performance: "How my life became a cultural worker - cultural workers take the stage" by Biljana Tanurovska Kjulakovski and Ivana Vaseva

20.00 · Frosina hall

The lack of working conditions that causes a fragile, irregular, unreliable or precarious way of working, as well as the constant preoccupation with professional engagements is one of the main topics of this performance. It aims to point out and emphasize the conditions and the context in which independent cultural workers work. The content is based on the research on the working conditions in the field of culture, and it rests on comparative analysis with other countries in the region and wider, in order the need for changes in the «Rulebook for determining the criteria, procedure and manner of providing favorable conditions and remunerations from the funds of the state budget for the independent artists», as well as the Law on Culture to be emphasized.

Biljana Tanurovska Kjulavkovski is cultural worker, lecturer, consultant, researcher, cultural manager and curator. Since 2003 she is a co founder and executive director of NGO Lokomotiva and one of the co founders of Kino Kultura and the regional platform for contemporary dance Nomad Dance Academy. **Ivana Vaseva** is curator, researcher and author. She curated and produced the last five editions of the contemporary arts festival AKTO, she worked on the topic of the importance of archiving and museum collections, on the regional project "If Buildings Could Talk" and the platform "Culture for Social Change".

Концерт: Акуа Нару
соработка со Password

21.30 · Денсинг сала

Музиката и изведбата на Акуа Нару се тестамент на наследството на соулот и на моќните жени во музиката. Со објавувањето на деби-албумот "The Journey Aflame" во 2011, Акуа се позиционираше на музичката сцена како пример за тоа што можат да бидат жените во хип-хопот. Придружувана од ансамбл со шест музичари на удиралки, клавијатури, саксофон/флејта, бас, гитара и миксер, на ПРВО ПА ЖЕНСКО го промовира својот нов албум "The Blackest Joy".

Почнувајќи како издавачка куќа

во 90-тите, **Пасворд** успеа да изгради популарен имиџ на продукција која промовира млади уметници. Се занимава со менаџмент на артисти и букирање, а ги организира и некои од најпознатите музички фестивали како Д Фестивал, Грин Бич Фестивал и Таксират, кој годинава полни 20 години.



Concert: Akua Naru
in collaboration with Password

21.30 · Dancing hall

The music and performance of Akua Naru are a testament of the legacy of soul music and powerful women in music. WIth the release of her debut album «The Journey Aflame», Naru has in a short time solidified herself on the scene as a model for what women can be in hip hop.

On FIRST BORN GIRL, accompanied by an ensemble of six percussion musicians, keyboards, saxophone / flute, bass, guitar and mixer, Akua is promoting her new album «The Blackest Joy».

Starting of a as a record label in the 90s, **Password** (Пасворд) has succeeded to build an image of a production house that promotes young artists, manages artists and does booking of musicians. They also organize some of the most famous music festivals in Macedonia such as D Festival, Green Beach Festival and Taksirat, which celebrates its 20th anniversary this year.

Фестивалски тим:
Јана Коцевска, Кристина Леловац, Јана Стардeлова, Моника Јамандиловска, Милена Крстева, Марија Димитрова, Елена Димитровска, Стефан Богески, Георги Стардeлов, Калиа Димитрова, Ева Ристиќ и Елена Крстева

Festival team:
Jana Kocevska, Kristina Lelovac, Jana Stardelova, Monika Jamandilovska, Milena Krsteva, Marija Dimitrova, Stefan Bogeski, Eva Ristikj, Georgi Stardelov, Kalia Dimitrova, Elena Krsteva

Донатори:
Министерство за култура на Република Македонија,
Град Скопје,
FRIDA Young Feminist Fund,

Donors:
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia,
City of Skopje
FRIDA Young Feminist Fund,

Соработници:
Младински културен центар,
Пасворд продукција,
МОТ,
Кино Култура,
Локомотива,
ISKRA Tourbooking,
ЛезФем

Collaborators:
Youth Cultural Centre,
Password Production,
MOT,
Kino Kultura,
Lokomotiva,
ISKRA Tourbooking,
LezFem

Дизајн:
Приватен принт

Design:
Private print

Тиииит! ИНК.
Tiiiit! INC.

tiiiit.inc@gmail.com
https://www.facebook.com/Tiiiit.inc/
https://twitter.com/Tiiiit_Inc
https://www.instagram.com/tiiiit.inc/